| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Регионален пат Р2235, подделница Никифорово - Леуново, км.0+000 – км 4+200 -член 58 став (6) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски на Р.М. |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Билјана Јакимовска, дипл. инж. арх. |
| Назив на работното место | Овластен планер бр. на овластување 0.0090 |
| Контакт податоци за лицето | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг “ПРОСТОР” доо- Куманово , ул. Моша Пијаде бр.2, Куманово<br>тел. 071 347991<br>e-mail: biljana.jakimovska@prostor.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Согласно член 58 став 4 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20, 111/23), се изработува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за инфраструктура за Регионален пат Р2235, подделница Никифорово- Леуново, км 0+000- км 4+200, Општина Маврово- Ростуше.<br>Проектот е усогласен со најновата законска регулатива како што е: Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 , 104/22 и 99/23) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр. 142/15).<br>Границата на проектниот опфат е со површина од 28,56ха (285623,32 и должина на трасара од 4,20км. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Да, изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура, Да, изработка на Елаборат за заштита на животната средина |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на проектот е утврдување на оптимално решение, односно утврдување на најповолна техничко, економско , сообраќајно и просторно еколошко решение на трасата на патот во ранг на регионален пат за мешовит сообраќај, а во контекс на урбанистичките и просторните услови, како и потребните инвестициски средства за реализација на проектот.Со урбанистичкиот проект за инфраструктура, согласно чл.55 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр.225/2020) треба да се разработат архитектонските елементи на партерот и надземните делови од инфраструктурата, градежни и сообраќајни елементи на улицата или сообраќајницата, |

градежно техничките елементи на инфраструктурата во делот на дефинирање на трасата и спецификацијата на подземниот вод и во делот на надземните градби што му припаѓаат на инфраструктурниот систем. Предмет е реконструкција (проширување ) рехабилитација на регионалниот пат Р2235 делница од с.Леуново до с.Никифорово, км.0+000 – км 4+200.

Во текот на 2014 година изработен е основен проект како и два Елаборати за заштита на животната за делница Бунец – Леуново и Леуново – Никифорово од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер и ДИВИ МАКЕДОНИЈА. За овој вид на проекти потребно е да се изработи Елаборат за заштита на животната средина. Елаборатите се изработени по Правилникот за формата и содршината на елаборатот за заштита на животната средина, спроведена е постапка за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на РМ “ бр.44/2013) и истите се одобрени од страна на Управата за животна средина за селдните:

1. Делница Бунец-Леуново, Елаборат со тех.бр.3084/2/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9184/2;

2. Делница Леуново – Никифорово, Елаборат со тех.бр.3084/1/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9185/2.

Опфатот на патот е истиот, проширувањето е истото разликата е во тоа што постоечкиот дел претходно само се рехабилитирал а сега ќе се реконстурира.

До МЖСПП беше проследено писмо Барање на мислење за важност на Решенија за одобрени Елаборати за заштита на животната средина за спроведување на проекти: Реконструкција и рехабилитација на Р2235, делница Бунец - Леуново во општина Маврово и Ростуша, како и проект: Реконструкција и рехабилитацијана Р2235, делница Леуново - Никифорово во општина Маврово и Ростуша, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Одговорот од МЖСПП Арх.бр./11-3281/2 од 30.05.2023 е следниот: Решенијата за одобрување на Елаборати за заштита на животната средина со бр.11-9184/2 од 23.09.2014 година и бр. 11-9185/2 16.09.2014 година издадени од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје се важечки и можат да се користат при понатамошна постапка за одобрување на проектна документација за спроведување на проектот. е следниот: Решенијата за одобрување на Елаборати за заштита на животната средина со бр.11-9184/2 од 23.09.2014 година и бр. 11-9185/2 16.09.2014 година издадени од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје се важечки и можат да се користат при понатамошна постапка за одобрување на проектна документација за спроведување на проектот.

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Проектниот опфат е со површина од 28,56ха (285623,32 и должина на трасара од 4,20км. и соодветно се обележани на графички прилог во состав на УП. |

| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Поренцијални влијанија не се очекуваат во фаза на градба и експлоатација. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Генерално од реконструкцијата (проширувањето) рехабилитацијата на регионалниот пат Р2235 делницата од с.Леуново до с.Никифорово и негова експлоатација не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на животната средина. Можни се незначителни влијанија, кои потекнуваат од начинот на управување со: воздух, почва, отпад, бучава и ризиците.<br>Загадувањата во фаза на градба се веројатни и краткотрајни, а во фаза на експлоатација се со кратко времетраење или долгорочни. Долгорочни влијанија врз животната средина не се очекуваат. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативни влијанија не се очекуваат. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранично влијание од причина што предметната парцела се протега во границите на Република Македонија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Од природни катастрофи можни се земјотреси, додека од работата на контролниот центар случај на пожар или хаварија. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Влијанија не се очекуаваат. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Не се очекуваат влијанија. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |

| Не се очекуваат. | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Во фаза на градба: влијанијата кој се очекуваат се незначителни влијанија, кои потекнуваат од начинот на управување со: воздух, почва, отпад, бучава и ризиците.<br>Загадувањата во фаза на градба се веројатни и краткотрајни. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Предметната КП е во државна сопственост. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Анализираното подрачје, опфатено со проектните активности влегува во границите на Националниот Парк Маврово, меѓутоа имјаќи предвид дека се работи за постоечка траса, не се очекуваат значителни влијанија врз живиот свет на предметното подрачје . |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

За содржините предвидени со инфрастуктурните проекти се изработени Елаборати за заштита на животната средина и истите се одобрени од МЖСПП

1. Делница Бунец-Леуново, Елаборат со тех.бр.3084/2/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9184/2;
2. Делница Леуново – Никифорово, Елаборат со тех.бр.3084/1/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9185/2.

Од МЖСПП со Арх.бр./11-3281/2 од 30.05.2023 е добиено дека: Решенијата за одобрување на Елаборати за заштита на животната средина со бр.11-9184/2 од 23.09.2014 година и бр. 11-9185/2 16.09.2014 година издадени од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје се важечки и можат да се користат при понатамошна постапка за одобрување на проектна документација за спроведување на проектот.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Делницата с. Леуново до с.Никифорово е дел од патниот правец Р2235 кој е дел од патната мрежа на Република Македонија започнува од Маврови Анови (врска со 1202) - Маврово - Леуново - Бунец (врска со 1202)

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

-Безбедно одвивање на сообраќајот долж Регионалниот пат П2225 - подделница Никифорово- Леуново

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Изведбата на проектот нема да има еколошки проблеми.
При изведбата на градежните активности во воздухот ќе се појави фугитивна емисија на прашина и емисија на издувни гасови од мобилните извори (при согорување на нафтените деривати од моторите со внатрешно согорување).
При вградување на асфалтот и битуменската емулзија ќе се појави фугитивна емисија на органски испарливи компоненти во зависност од составот на битуменската емулзија. Оваа емисија е незначителна краткотрајна бидејќи битуменската емулзија е средство за регенераци и се вградува врз стариот асфалтен слој врз кој се нанесува новиот асфалтен слој, така што емисијата на овие компоненти се сведува на минимум.
Очекуваните влијанија од емисиите во воздух во подготвителната и конструктивната фаза ќе бидат локални и се очекува истите да бидат сведени на минимум со примена на мерките дадени во Елаборатот.
- Количината на отпадна вода која ќе се продуцира, се предвидува да биде минимална, така што истата нема да предизвика контаминаци на животната средина која бара дополнителна анализа.
- загадување на почвата и индиректно на подземните води може да се случи при излевање на гориво, масла/лубриканти од механизацијата и возилата, хемикалии кои се употребуваат во градежништвото. Овие загадување се инцидетни.
- Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности, согласно законската легислатива од областа на управувањето со отпад, се препорачуваат следните мерки: Забрането депонирање на било кој вид на отпад во границите на НП " Маврово" и подготовка на План за управување со отпад.
-Бучавата која ќе се јави во подготвителната и конструктивната фаза, а биде резултат од работата на механизацијата и транспортните активности ќе има негативно, но краткотрајно влијание врз осетливите слушни рецептори и живите организми во непосредна близина на предметната делница.
-Анализираното подрачје, опфатено со проектните активности влегува во границите на Националниот Парк Маврово, меѓутоа имјаќи предвид дека се работи за постоечка траса, не се очекуваат значителни влијанија врз живиот свет на предметното подрачје .

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

-Услови за планирање на просторот за Изработка на урбанистички проект за инфраструктура за "Реконструкција и рехабилитација на регионален пат Р2235, делница Бунец-Леуново-Никифорово", Општина Маврово-Ростуше, со технички бр. 18614 јуни 2014г и Решение за Услови за планирање на просторот бр. 15-5633/4 31.07.2014г.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Во текот на 2014 година изработен е основен проект како и два Елаборати за заштита на животната за делница Бунец – Леуново и Леуново – Никифорово од страна на ГЕИНГ Кребс унд Кифер и ДИВИ МАКЕДОНИЈА. Елаборатите се изработени по Правилникот за формата и содршината на елаборатот за заштита на животната средина, спроведена е постапка за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Службен весник на РМ " бр.44/2013) и истите се одобрени од страна на Управата за животна средина за селдните:

1. Делница Бунец-Леуново, Елаборат со тех.бр.3084/2/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9184/2;
2. Делница Леуново – Никифорово, Елаборат со тех.бр.3084/1/2014 и Решение издадено од МЖСПП со бр.11-9185/2.

Во Елаборатите се опфатени сите сегменти/влијанија врз животната средина кои би произлегле од реализацијата на планираните проекти.

Од МЖСПП со Арх.бр./11-3281/2 од 30.05.2023 е добиено следното: Решенијата за одобрување на Елаборати за заштита на животната средина со бр.11-9184/2 од 23.09.2014 година и бр. 11-9185/2 16.09.2014 година издадени од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје се важечки и можат да се користат при понатамошна постапка за одобрување на проектна документација за спроведување на проектот.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Во Елаборатите одобрени од МЖСПП е дадена Програма за заштита на животната средина во која се дадени мерки за можно влијание кое може да сепојави при реализација на проектот.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер за транспорт и врски<br>Благој Бочварски |
| Датум ~~15.12.2023~~ год 19. 12. 2023 - арх бр 07-2288/13<br>Место Скопје | М.П. |

Прилог 1 Мапа на патот







**Слика 1 и Слика 2** Сателитски снимки (макро и микролокација) на делница од с.Леуново до с.Никифорово